# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО КОНСОЛИДИРАНИОТ ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ НА МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ И ПОДРУЖНИЦИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2020 ГОДИНА

- **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи;**

Во овој период нема промени во сметководствените политики.

- **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат;**

Во овој период, „МАКПЕТРОЛ“ АД – Скопје и подружниците остварија **вкупен приход** во износ од 8,04 милијарда денари, кој е помал од минатогодишниот за 2,41 милијарди денари, односно остварен е пад од 23,05%. Во структурата на приходите, најголем удел со 98,91% имаат приходите од продажба, од коишто 97,53% од приходите се остваруварени со продажба на домашниот пазар.

Во истиот период, остварени се **вкупни расходи** во висина од 7,96 милијарда денари што претставува намалување во однос на минатата година за 2,22 милијарди денари односно за 21,82%.

На крајот на овој период, Друштвото и подружниците остварија позитивни финансиски резултати искажани преку **добивка** пред оданочување во износ од 75,94 милиони денари која е помала за 70,87%, односно помала за 3,5 пати од остварената добивка минатата година кога изнесуваше 260,76 милиони денари.

Финансиските резултати остварени на ниво на Друштва кои ја сочинуваат Групата за консолидација на Макпетрол АД се прикажани во следната табела :

во денари

| Друштво во консолидација | добивка/загуба пред оданочување | данок на добивка | добивка/загуба после оданочување |
|---|---|---|---|
| Макпетрол АД - Скопје | 92.951.539 | 3.073.110 | 89.878.429 |
| Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ | 8.781.330 | 878.974 | 7.902.356 |
| Шампион Макпетрол ДООЕЛ | -11.624 | | -11.624 |
| Телевизија Макпетрол Телма ДООЕЛ | -14.422.965 | | -14.422.965 |
| Petrolmak Solun | 1.802.053 | | 1.802.053 |
| Макпетрол ДОО Београд | 457.253 | | 457.253 |
| Вкупно | **89.557.586** | **3.952.084** | **85.605.502** |
| пребивање меѓусебно | -13.612.102 | | -13.612.102 |
| ОИЛКО КДА - конс. по метод на главнина | | | |
| Се вкупно | 75.945.484 | 3.952.084 | 71.993.400 |
| загуба од повт. мерење на фин. средст. | | | -54.648.000 |
| загуба од преведување од странско работ. | | | |
| КОНСОЛИДИРАНА ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | | | **17.345.400** |

Во следната табела како и во приложените графикони се искажани остварените финансиски резултати по квартали во првото полугодие од 2020 година споредени со остварените резултати по квартали во првото полугодие од 2019 година:

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

000 денари

| | 2020 година | | |
|---|---|---|---|
| | **I Квартал** | **II Квартал** | **Вкупно** |
| Приходи од работењето | 4.848.098 | 3.189.273 | 8.037.371 |
| Расходи од работењето | 4.830.242 | 3.131.184 | 7.961.426 |
| Добивка / Загуба пред оданочување | **17.856** | **58.089** | **75.945** |

| | 2019 година | | |
|---|---|---|---|
| | **I Квартал** | **II Квартал** | **Вкупно** |
| Приходи од работењето | 4.718.134 | 5.726.735 | 10.444.869 |
| Расходи од работењето | 4.695.598 | 5.488.515 | 10.184.113 |
| Добивка / Загуба пред оданочување | **22.536** | **238.220** | **260.756** |

| | 2020 / 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Разлика на приходите во % | 2,75 | -44,31 | -23,05 |
| Разлика на расходите во % | 2,87 | -42,95 | -21,82 |
| Разлика на добивката во % | -20,77 | -75,61 | -70,87 |


Приходи пред оданочување
6.000.000
5.000.000
4.000.000
3.000.000
2.000.000
1.000.000
0
000 денари
4.848.098
4.718.134
5.726.735
3.189.273
I Квартал
II Квартал
Приходи од работење 2020
Приходи од работење 2019


Расходи пред оданочување
6.000.000
5.000.000
4.000.000
3.000.000
2.000.000
1.000.000
0
000 денари
4.830.242
4.695.598
5.488.515
3.131.184
I Квартал
II Квартал
Расходи од работење 2020
Расходи од работење 2019




Основна **причина** за намалување на остварените **приходи** и **добивката** е **намалување на прометот** на стоки и услуги со почнување на епидемијата, односно пандемијата предизвикана од **заразата со вирусот Ковид–19**.

Како резултат на ширењето на заразата во државата, со цел истата да се стави под контрола, во втората половина на март, овластените институции ги донесоа следниве мерки:

1. Се прогласи вонредна состојба на 16.3.2020 година.
2. Се воведе полициски час од 22.3.2020 година со различно времетраење во работните и неработните денови (викенди и празници).
3. Се затворија граничните премини, аеродромите, туристичките и угостителски објекти, градинките и образовните установи, трговските центри и молови, автошколите, теретаните, обложувалниците и сл. и
4. Се пропишаа низа ограничувачки мерки, како забрана на јавни, спортски, рекреативни, културно – уметнички и многу други настани и собири.

Поради претходно наведените рестриктивни мерки, покрај здравствената криза се јави и економска криза во поголем обем, која најмногу ги погоди дејностите од областа на транспортот, угостителството и туризмот како и најголемиот број микро, мали и средни трговски друштва.

Во првото полугудие од 2020 година мерките, неизбежно, имаа големо негативно влијание врз работењето на повеќето друштва во консолидацијата особено врз МАКПЕТРОЛ АД Скопје.

Со воведувањето на полицискиот час и со останатите споменати рестриктивни мерки, МАКПЕТРОЛ АД Скопје, се соочи со пад на потрошувачката во сите сегменти од своето работење.

Прометот на количества по сегменти спореден со минатогодишниот и планираниот, искажан во тони или денари е прикажан во следнава табела и графикон:

## КОЛИЧЕСТВА ЗА ЈАНУАРИ - ЈУНИ

| | Единична | Остварено 2 0 2 0 | | | Остварено 2 0 1 9 | | | План 2 0 2 0 | | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мера | Вкупно | Мало | Големо | Вкупно | Мало | Големо | Вкупно | Мало | Голема | ост. | план. |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | (2/5) | (2/8) |
| Бензини | тони | 18.381 | 18.204 | 177 | 23.473 | 23.265 | 208 | 23.694 | 23.454 | 240 | 78 | 78 |
| Дизели | тони | 77.368 | 73.161 | 4.207 | 90.347 | 85.703 | 4.644 | 92.500 | 88.050 | 4.450 | 86 | 84 |
| Мазут | тони | 3.331 | | 3.331 | 3.156 | | 3.156 | 2.600 | | 2.600 | 106 | 128 |
| Битумен | тони | | | | | | | | | | | |
| Млазно гориво | тони | 4.903 | | 4.903 | 12.210 | | 12.210 | 13.254 | | 13.254 | 40 | 37 |
| Бутан-пропан | тони | 2.307 | 2.073 | 234 | 2.216 | 1.972 | 244 | 2.329 | 2.049 | 280 | 104 | 99 |
| Автоплин | тони | 6.342 | 6.342 | | 8.065 | 8.065 | | 8.387 | 8.387 | | 79 | 76 |
| **Вкупно деривати** | тони | 112.632 | 99.780 | 12.852 | **139.467** | **119.005** | **20.462** | **142.764** | **121.940** | **20.824** | 81 | 79 |
| Биодизел | тони | | | | | | | | | | | |
| Глицерин-раст. пот. | тони | 98 | | 98 | | | | | | | | |
| Природен гас | тони | 27.491 | | 27.491 | 24.712 | | 24.712 | 30.393 | | 30.393 | 111 | 90 |
| Природен гас | 000нм3 | 39.273 | | 39.273 | 35.404 | | 35.404 | 43.419 | | 43.419 | 111 | 90 |
| Метан | тони | 569 | 291 | 278 | 591 | 265 | 326 | 836 | 536 | 300 | 96 | 68 |
| Метан | 000нм3 | 813 | 416 | 397 | 847 | 380 | 467 | 1.194 | 766 | 429 | 96 | 68 |
| **Вкупно** | **тони** | 140.790 | 100.071 | 40.719 | **164.770** | **119.270** | **45.500** | **173.993** | **122.476** | **51.517** | 85 | 81 |
| Масла | 000 литри | 468 | 452 | 16 | 516 | 505 | 11 | 558 | 545 | 13 | 91 | 84 |
| Автомобили Honda | парчиња | 11 | | 11 | 11 | | 11 | 16 | | 16 | 100 | 69 |
| Мотори Honda | парчиња | 49 | | 49 | 41 | 2 | 39 | 31 | 6 | 25 | 120 | 158 |
| Резер. дел. Honda | ф.р.000 д. | 6.384 | 1.859 | 4.525 | 7.239 | 3.665 | 3.574 | 7.100 | 3.550 | 3.550 | 88 | 90 |
| Прих.од. усл. од Honda | 000 ден. | 323 | | | 637 | | | 635 | | | 51 | 51 |
| DELL | ф.р.000 д. | 161.260 | 3.584 | 157.676 | 126.679 | 3.001 | 123.678 | 73.122 | 8.046 | 65.076 | 127 | 221 |
| Прих. од усл. од DELL | 000 ден. | 2.144 | | | 1.478 | | | 1.002 | | | 145 | 214 |
| Автогуми | парчиња | 1.520 | 927 | 593 | 1.913 | 1.017 | 896 | 1.850 | 555 | 1.295 | 79 | 82 |
| Останати стоки | ф.р.000 д. | 847.230 | 843.688 | 3.542 | 854.299 | 851.292 | 3.007 | 897.618 | 895.260 | 2.358 | 99 | 94 |



**Истакнуваме дека најнегативно влијание на воведените мерки се искажа кај прометот, односно извозот на млазното гориво кое што, со мерката за затворање на аеродромите, од 12.210 тони во првото полугодие од 2019 година се намали на 4.903 тони во првото полугодие од 2020 година. Со тоа и приходите од продажба на странски пазар се намалени од 561,1 милион денари во 2019 година на 196,1 милион денари во 2020 година од извештајниот период.**

Можеме да заклучиме дека Друштвата, со големиот ангажман на менаџментот, како и на сите вработени, обезбедија услови за рентабилно работење.

Особено е важно да се истакне дека, со воведување и придржување до строгите превентивни здравствени протоколи, на сите локации на кои што Друштвата ги вршеа дејностите, во ниту еден момент не се загрози здравјето на вработените и здравјето на потрошувачите, а со самото тоа се овозможи непречено функционирање.

- **Исплатени дивиденди (вкупно и по акција);**

  Во извештајниот период не е извршена исплата на дивиденда.

- **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис;**

  Во овој период извршени се вложувања во нетековни средства во износ од 135 милиони денари со што процесот на инвестирање во Друштвата продолжува и покрај кризата.

- **Промени во кредитните задолжувања;**

  Нема промени во кредитната изложеност поголеми од 30%, а Друштвото, за време на деловното работење во севкупниот извештаен период, не дошло во ситуација да има доспеани, а ненамирени **обврски** по кој било основ (**кредити, обврски спрема добавувачи, јавни давачки и плати на вработени**).

- **Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.**

  Во периодот до крајот на годината очекуваме остварување на добивка која што би била помала во однос на остварената во 2019 година, во согласност со степенот на намалување на прометот, поради причини кои што претходно се образложени.

- Со мерките кои што ги презема менаџментот на Друштвата не се предизвика потреба од отпуштање на вработени, кој што број остана стабилен и во време на кризата.